СОС ДЕТСКО СЕЛО
Никогаш едно дете не треба да расте само

**УСЛОВИ ЗА ПОВИК ЗА ИЗБОР НА НАДВОРЕШЕН КОНСУЛТАНТ/-КА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА**

# Анализа за проценка на сивите зони или неусогласеноста на јавните политики и регулатива за социјална заштита со меѓународните клучни документи

**(ЕУ, Конвенција на ОН за правата на детето, Упатство на Обединетите Нации за алтернативна грижа за деца итн.)**

СОС Детско село Македонија објавува повик за консултантски услуги за спроведување на Анализа за проценка на сивите зони или неусогласеноста на јавните политики и регулатива за социјална заштита со меѓународните клучни документи (ЕУ, Конвенција на ОН за правата на детето, Упатство на Обединетите Нации за алтернативна грижа за деца итн.).

## 1. Позадина

СОС Детско село Македонија е Здружение на граѓани кое претставува дел од големото семејство на национални здруженија на меѓународната хуманитарна организација „СОС Детски села Интернационал". Здружението делува и работи на развојни програми од областа на социјална заштита, социјална превенција и детски права. Воедно, сериозно се залага во унапредување на јавните политики и регулативата поврзана со социјалната заштита (Изработка на правилници за регулирање на социјални услуги, изработка на стандарди за згрижувачки семејства, изработка на анализи и предлози за воведување на системот на социјални договори итн.).
За да обезбедиме пристап до одржливи и квалитетни социјални услуги, стандарди во работата на давателите на услуги и олеснет пристап до правата на граѓаните од социјална заштита, потребно е унапредување на јавните политики, регулатива и практика.

## 2. Цел на анализата

Целта на оваа анализа е да се процени каде има неусогласености на регулативата и јавните политики од областа на социјалната заштита во Северна Македонија со меѓународните директиви, упатства, политики, конвенции итн., за да се дефинира кои интервенции конкретно се потребни за унапредување на тоа поле.
Врз основа на резултатите од оваа анализа, СОС Детско село ќе биде во можност да ги насочи своите застапувачки активности во насока на унапредување на регулативата и јавните политики, да обезбеди средства за јакнење на компетенциите на професионалците во системот на социјална заштита и да овозможи воспоставување на социјални услуги кои ќе бидат достапни, одржливи и блиску до граѓаните.

## 3. Клучни области / теми

- Социјална заштита и социјална политика во меѓународни рамковни документи, директиви, и конвенции;
- Детски права;
- Регулација на социјални услуги и даватели на социјални услуги;

## 4. Клучни резултати:

Надворешниот експерт ќе се посвети на следниве клучни резултати:

- Извештај од анализа на клучни меѓународни рамковни и регулаторни документи од областа на социјалната заштита, социјалната политика, и детските права;
- Извештај од анализа на национални јавни политики и регулаторни документи од областа на социјална заштита и детски права;
- Извештај со препораки за усогласување на националните јавни политики и регулатива од областа на социјална заштита и детски права;

## 5. Временска рамка

Анализата треба да биде спроведена во периодот Јуни – Јули 2024 година.

## 6. Исплата

Исплатата ќе се изврши во период од 15 дена по поднесувањето на конечната верзија на документите на англиски и македонски јазик, за СОС Детско село.

## 7. Профил и задачи на надворешниот консултант

<u>При изборот на консултант/-ка ќе се земат предвид следниве услови</u>:

- Докажано искуство во подготовка на анализи на јавни политики и регулатива поврзани со социјалната заштита и политика;
- Компетентност и искуство во спроведување на социјални истражувања;
- Искуство во партиципативни истражувачки методи, собирање на податоци, анализа на податоци и примена на методологии во истражување;
- Одлични аналитички, истражувачки и вештини за пишување на извештаи;
- Добро владеење на англискиот јазик.

**Задачи:**

- Подготовка на план и дизајн на процесот на собирање на податоци;
- Идентификување на клучната литература која ќе се анализира;
- Идентификување на главните чинители кои ќе бидат консултирани/вклучени во процесот;
- Планирање и дизајн на методите на собирање на податоци;
- Собирање и организација на релевантни податоци и информации;
- Подготовка на нацрт извештаи (плус можна придружна документација), кои потоа ќе се презентираат пред Нарачателот;
- Доставување на конечни извештаи и препораки.

## 8. Краен рок и услови за аплицирање

Заинтересираните кандидати и / или институции/организации **најдоцна до 19 Мај 2024 година** треба да достават:

1. **Писмо за изразување на интерес;**
2. **Кратка биографија / Curriculum vitae;**
3. **Краток опис на предлогот.** Краток опис на методологијата на истражување, која треба да содржи информации за пристапот во истражувањето. Условите на повикот обезбедени од СОС Детско село ги содржат основните информации за креирање на предлогот;
4. **Финансиска понуда, која содржи број на консултантски денови потребни за завршување на работата;**
5. **Референтна листа на претходни слични ангажмани;**

Документите потребно е да се доставаат електронски со предмет на пораката: **Повик за избор на консултант за Анализа на сивите зони или неусогласеноста на јавните политики и регулатива за социјална заштита со меѓународните клучни документи** на Melina.Tagarinska@sos.org.mk@sos.org.mk и Kristina.Dimitrovska@sos.org.mk **најдоцна до 19 Мај 2024 година.**